ЈУ М... центар
за с...
Бр. 02-27/4
10.01. 20 22 год.
КРИВА ПАЛАНКА

Врз основа на член 212 став 13,14,15,16,17 и 18 од Законот за Социјална заштита (Службен весник на РМ "број: 104/19, 146/19"), член 21 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ "број 27/14, 199/14 и 27/16") и член 24 од Статусот на ЈУМ Центар за социјална работа – Крива Паланка kako и врз основа на пресуда на Основен суд – Крива Паланка РО-18/20 потврдена со пресуда на Апелационен Суд – Скопје РОЖ-1477/20 Директорот на ЈУ МЦСР Крива Паланка, на ден10.01.2022 донесе:

## ОДЛУКА

**За избор на даватели на јавна услуга, на неопределено време на работното место Дипломиран социјален работник – стручен V ниво во ЈУМ Центар за социјална работа – Крива Паланка**

За даватели на јавна услуга на неопределено време за работното место дипломиран социјален работник – стручен V ниво во ЈУМ Центар за социјална работа Крива Паланка се избираат кандидатите

1. **Драгана Стојчевска од Крива Паланка, с. Конопница бб**
2. **Јулијана Стојановска од Крива Паланка, ул. Моша Пијаде бр. 2-12**
3. **Билјана Веселинова од Крива Паланка, ул. 11-Октомври 42**
4. **Тања Симоновска од Ранковце, с. Герман**

Именуваните ке бидат вработени на неопределено време во ЈУМ Центар за социјална работа Крива Паланка , на работно место од претходната точка , по конечност на оваа одлука. Одлуката ке се применува од денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за селекција , формирана со Одлука донесена од Директорот на ЈУМ Центар за социјална работа Крива Паланка, број 04-1085 од 30.12.2021 година согласно Законот за Социјална заштита и врз основа на пресуда на Основен суд – Крива Паланка РО-18/20 потврдена со пресуда на Апелационен Суд – Скопје РОЖ-1477/20 спроведе интервју за давател на јавна услуга а во функција на спроведување на постапката за вработување на неопределено време на давател на јавна функција за извршување на работите на работното место димпломиран социјален работник при ЈУМ Центар за социјална работа по објавениот оглас за вработување на неопределено време на давател на јавна услуга, број 1/2020 од 03.01.2020 во дневните весници "Нова Македонија" и "Koha" .Врз основа на извршената проверка на исполнетоста на условите од јавниот оглас и спроведеното интервју, Комисијата за селекција на кандидати по објавен оглас до директорот на ЈУМ Центар за социјална работа – Крива Паланка достави соодветна листа, број 04-27/3 .Согласно доставената ранг листа , се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение кандидатот има право на жалба до Државната комисија за жалби во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен , во рок од **8 дена** од денот на приемот на решението и неговото објавување на огласна табла на установата. Жалбата се превзема непосредно или по пошта, а може да се изјави и на записник.

ЈУМ Центар за социјална работа – Крива Паланка

Директор, Гоце Цветковски

Решението да се достави до:

- избраниот кандидат
- кандидатите кои поминале селекција